# Е - МАПАС
## бр. 41

## април 2022 година

https://mapas.mk

http://www.facebook.com/mapas.mk

http://www.instagram.com/mapas.mk

http://www.linkedin.com/mapas.mk




## *Ажурирај податоци и добиј зелен плик*

Заради постојан увид на пензиските заштеди и транспарентност на системот, пензиските друштва до членовите и пензионираните членови на пензиските фондови со кои управуваат, еднаш годишно доставуваат извештај за пензиска заштеда на индивидуална сметка, на доброволна индивидуална сметка и на професионална сметка и извештај за инвестициско портфолио. Извештаите за пензиска заштеда се доставуваат во (зелен плик) со податоци за претходната година најдоцна до 31 март во тековната година. Со цел точно и навремено доставување на редовните годишни извештаи, од особено значење е членовите на вториот и третиот столб да ги ажурираат своите лични податоци.

Извештаите до членовите на пензиските фондови се доставуваат во **зелен плик**.



***"Ако го даваме најдоброто од себе, тогаш ние сме успешни. Успехот е максимално искористување на можностите кои ги имаме" - Зиг Зиглер***

***"Заштедените пари се заработени пари" Бенџамин Франклин***

***"Кога бев млад, мислев дека парите се најважната работа. Сега, кога остарев - тоа го знам" Оскар Вајлд***

Во зелениот плик има два извештаи:

- Првиот извештај содржи информација за состојбата на средствата на индивидуалната сметка за пензиска заштеда.
- Вториот извештај содржи информации каде се инвестирани средствата на сите членови заедно со детални податоци за надоместоците кои се наплатуваат и остварениот принос на пензискиот фонд.

# АЖУРИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

**Ажурирањето или корегирањето на податоците, може да се направи на еден од следните начини!**

## АЖУРИРАЊЕ СО ПИСМЕНО БАРАЊЕ



Со пополнување на Барање за ажурирање/корекција на личните податоци. Заради лична идентификација на подносителот на барањето друштвото врши:
-непосреден увид во документ за лична идентификација на членот преку лице овластено од друштвото или агент;
-телефонски контакт со членот, при што обезбедува снимка од разговорот.

## АЖУРИРАЊЕ ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА



Преку својот електронски систем на интернет страницата, друштвото овозможува да се ажурираат личните податоци: име, презиме, адреса на живеење, поштенски код, телефон и електронска пошта. Притоа, друштвото обезбедува електронска идентификација и проверка на авторизацијата на лицето кое сака да изврши ажурирање на податоците.

## АЖУРИРАЊЕ ПРЕКУ ТЕЛЕФОНСКИ КОНТАКТ СО ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА



Член на пензиски фонд може да ги ажурира и/или корегира податоците кои се однесуваат на адресата за живеење и со телефонско јавување на контакт телефоните на пензиските друштва.
Друштвото го идентификува членот при што обезбедува снимка од разговорот

## КОНТАКТИ НА ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА

**Сава пензиско друштво а.д. Скопје**
веб страница: www.sava-penzisko.mk
адреса: ул. Мајка Тереза бр. 1, Скопје
телефон: 02/5100 297

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**
веб страница: www.kbprvo.com.mk
адреса: ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје
телефон: 02/3243 777

**ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје**
веб страница: www.triglavpenzisko.mk
адреса: бул. 8-ми Септември бр.16, Скопје
телефон: 02/5102 190



# ПОЈАСНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА

**Извештај за пензиска заштеда на индивидуална сметка**

Состојба на ден: **31.12.2021**

Вие поседувате **377,929343** сметководствени единици, односно вкупен износ од **57.000** (денари).

**57.000** (денари) = **377,929343** * **150,821843** (денари)

(Вкупен износ) (Број на сметководствени единици) (Вредност на сметководствената единица )

Претставува колку вкупно заштедени средства има членот на својата сметка на крајот на годината.
*На пр. на 31.12.2021 година поседувате 57.000 денари.*

Претставува број на сметководствени единици кои ги поседува членот на својата сметка.
*На пр. на 31.12.2021 година членот поседува 377,929343 единици.*

Сметководствена единица претставува пропорционален дел во вкупните нето средства на пензискиот фонд.
*На пр. на 31.12.2021 година вредноста на сметководствената единица на 31.12.2021 година е 150,821843 денари.*

**ВАШАТА ПЕНЗИСКА ЗАШТЕДА Е НАМЕНЕТА ЗА ПЕНЗИЈА ОД ВТОР СТОЛБ – ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)

www.mapas.mk тел. 02 3224 229

Контактирајте го Вашето пензиско друштво (контакт информации)

Уплати/исплати во 2021 година

| Датум на уплата / исплата | Опис | Износ |
|---|---|---|
| 05.01.2021 | П202012 | 2.000 |
| 04.02.2021 | П202101 | 2.000 |
| 05.03.2021 | П202102 | 2.000 |
| 06.04.2021 | П202103 | 2.000 |
| 04.05.2021 | П202104 | 2.000 |
| 03.06.2021 | П202105 | 2.000 |
| 07.07.2021 | П202106 | 2.000 |
| 02.08.2021 | П202107 | 2.000 |
| 04.09.2021 | П202108 | 2.000 |
| **05.10.2021** | **П202109** | **2.000** |
| 03.11.2021 | П202110 | 2.000 |
| 07.12.2021 | П202111 | 2.000 |

Претставува датум кога е извршена уплата или исплата на средства од сметката на членот.

Претставува износ на уплатен придонес.

Претставува опис на трансакцијата - уплатен придонес, корекција итн.
*На пр. П202109 означува уплатен придонес за месец септември 2021 година.*
Доколку во ова поле има *Корекција*, детално ќе биде наведен описот на корекцијата. Доколку во ова поле има *Поврат - п*, тоа означува поврат на придонеси (на пример поради погрешно уплатени средства).

*На пример на 05.10.2021 година извршена е уплата на придонес за септември 2021 година во висина од 2.000 денари.*

Графички приказна состојба на сметка со износ на 31.12.2020 год.и на 31.12. 2021 год.




Почетната состојба означува средства заштедени во претходната година, а крајната состојба претставува колку заштедени средства има на крајот на годината. *Од примерот на графичкиот приказ може да се види порастот на средствата за пензиска заштеда во текот на годината.*

Информациите за наплатените надоместоци и одредени поими за капитално финансирано пензиско осигурување (задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, МАПАС, придонес, принос, сметководствена единица и други поими) се вклучени на втората страна од Извештајот за пензиска заштеда.

## ПОЈАСНУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО ПОРТФОЛИО

Овој извештај содржи податоци за вредноста и учеството на средствата на пензискиот фонд кои се инвестирани во различни финансиски инструменти заклучно со 31.12.2021 година.

| ИЗДАВАЧ | НАЗИВ | Вредност во денари | % од вкупните средства |
|---|---|---|---|
| ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ | | | |
| ОБВРЗНИЦИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| РСМакедонија | Обврзница за денационализација; РМДЕН14; 10 год.; 2,00%; 01/06/25 | 100.000.000 | 10,00% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ДЕПОЗИТИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ | 3,00%,05/02/2019-05/02/2022 | 400.000.000 | 2,50% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АКЦИИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ | обични акции | 200.000.000 | 1,50% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ИЗДАВАЧИ СО СЕДИШТЕ ВО ЕУ И ОЕЦД | | | |
| ОБВРЗНИЦИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| АКЦИИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| COCA COLA | обични акции | 50.000.000 | 1,70% |
| GOOGLE | обични акции | 70.000.000 | 1,80% |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ | | | |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| xxx......... | xxx......... | xxx......... | xxx......... |
| Побарувања | | | |
| Парични средства | | | |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | | 15.000.000.000 | 100,00% |

Ова значи дека членовите поседуваат 10% од вкупните средства во обврзници за денационализација 14-та емисија во висина од 100.000.000 денари.

Пензискиот фонд има вложено во депозити од Стопанска банка АД Скопје во висина од 400.000.000 денари т.е 2,50% од портфолиото.

Членовите поседуваат 200.000.000 денари во акции од Алкалоид АД Скопје што претставува 1,50% од вкупните средства на фондот.

Членовите на пензискиот фонд поседуваат акции од Coca Cola во висина од 50.000.000 денари како и акции од Google во висина од 70.000.000 денари.

Вкупниот имот на пензискиот фонд во дадениот пример изнесува 15.000.000.000 денари на крајот на годината за која се доставува овој извештај (31.12.2021). Секој член на пензискиот фонд поседува пропорционален дел од овој износ зависно од висината на средствата со кои располага на сметката која е доставена до него, како што е објаснето во примерот, членот располага со 57.000 денари. Секој член учествува во вложувањата во овие инструменти пропорционално на своите средства.

Пензиското друштво доставува и графички прикази (пити) за структурата на портфолиото по група на инструменти и по држава, графички приказ на сметководствената единица. податоци за трансакциони провизии кои ги платиле за управувањето со средствата на пензискиот фонд, надоместоците кои ги наплатува пензиското друштво, како и остварениот принос на пензискиот фонд.

# НОВОСТИ

## КОМИТЕТ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ: ФИНАНСИСКАТА И СТАБИЛНОСТА НА КУРСОТ НА ДЕНАРОТ УСПЕШНО СЕ ОДРЖУВААТ

На седницата на Комитетот за финансиска стабилност одржана во март 2022 година се констатираше дека гарантирана е стабилноста на курсот на денарот. Финансискиот систем, исто така е стабилен и е подготвен да одговори на предизвиците што би можеле да произлезат од руско-украинскиот конфликт, исто како што и во целиот пандемиски период успешно се справува со ризиците. Сите финансиски услуги непречено се обезбедуваат и ќе продолжат да се обезбедуваат и натаму, во согласност со потребите на граѓаните и на корпоративниот сектор. Надлежните регулатори координирано ги следат состојбите и се подготвени брзо да делуваат, да ги прилагодуваат политиките во согласност со случувањата и да ја одржат финансиската стабилност која е приоритет.

Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, Максуд Али, истакна дека за време на здравствено-енергетската криза и актуелните геополитички случувања, капитално финансираното пензиско осигурување делува стабилно и транспарентно со идентификувани ризици коишто се анализираат и се контролираат на редовна основа и во рамките на регулативата, со посебно внимание на инвестирањето на средствата на пензиските фондови. Како резултат на новонастанатата состојба, МАПАС, внимателно го следи и реагирањето на пензиските друштва во однос на нивните инвестициски стратегии и тактики со цел остварување на највисок принос, единствено во полза на членовите на пензиските фондови.

Финансиските регулатори ќе продолжат со натамошно координирано следење на состојбите и се подготвени да реагираат соодветно на случувањата, секој во рамки на надлежностите на својот мандат.

## ГЛОБАЛНА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ 2022: “ГРАДЕТЕ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА, КОРИСТЕТЕ ГИ ПАРИТЕ ПАМЕТНО”

Координациското тело на финансиските регулатори за финансиска едукација и финансиска инклузија, во соработка со асоцијациите и институциите од приватниот и граѓанскиот сектор коишто се активни во доменот на финансиската едукација, десетта година по ред ја одбележаа Глобалната недела на парите од 21 до 27 март 2022 година.

МАПАС продолжува континуирано со своите едукативни активности за младите и во текот на Глобалната недела на парите 2022, во соработка со Министерството за образование, воспостави координација со околу 40 средни училишта, во кои заедно со пензиските друштва КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво а.д. Скопје и Триглав пензиско друштво АД Скопје одржа финансиска едукација на учениците за темите, значењето и иднината на парите, потребата од долгорочно штедење и инвестирање со акцент на придобивките и можностите на задолжително и доброволно капитално финансираното пензиско осигурување.

На светско ниво, Глобалната недела на парите се одбележува од 2012 година, со единствен прекин во 2020 година поради пандемијата, при што од 2021 година се одржува во организација на Организацијата за економската соработка и развој (ОЕЦД). Оваа глобална иницијатива, којашто досега се одбележува во повеќе од 176 земји во светот, во која се опфатени 53 милиони деца и млади, ја подигнува свеста кај младите за финансиската едукација и ги зголемува нивните знаења за парите, штедењето, вработувањето и претприемаштвото. Секоја година, младите луѓе разговараат, читаат и учат за економските и за финансиските системи преку најразлични активности што ги спроведуваат финансиските и образовните институции.




**Имате прашања или поплаки?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

МКС EN ISO 9001:2015

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ (МАПАС)

Стив Наумов 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
https://mapas.mk